СОВЕТ НА ОПШТИНАТА БИТОЛА
Бр. 09-189/1
13.02.2015 г.
Б и т о л а

Врз основа на член 26 став 2 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05) и член 56 од Деловникот на Советот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.15/05), ја

С В И К У В А М

31-та седница на Советот на Општината Битола за 16.02.2015 година (понеделник) со почеток во 10.00 часот.

Седницата ќе се одржи во салата за седници на Советот, со предлог на следниот

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Измени и дополнувања на Решението за именување на членови во Комисијата за проценка на штети.
2. Одлука за доделување финансиска помош на настраданите од поплавите на подрачјето на Општината Битола.
3. Одлука за определување на трошоците за вршење увид во настраданите подрачја во Општина Битола и надоместок за членовите на Комисијата за проценка на штети.
4. Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за добивање на одобрение за градење за изградба на железничка пруга Битола-Кременица од км 130+032 до км 146+024 со придружни објекти-железничка станица и објект за ССТТ во Жабени и стојалиште во Кравари, без изместување на постојните инсталации, без позајмишта и без депонии.
5. Информација за состојбите со опасноста од заразни заболувања во поплавените подрачја во Општина Битола и идни превентивни мерки.
6. Оперативен План и Програма за спроведување на превентивна систематска дератизација на канализациониот систем и јавната депонија Мегленци и диви депонии во Општина Битола за 2015 година.
7. Оперативен План и Програма за контрола и уништување на комарците на територија на Општина Битола за 2015 година.

Молам за присуство на седницата, а за евентуална спреченост јавете се на телефон 234-234.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
д-р Силвана Ангелевска